МЦМС

# ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

## Контекстот во Република Македонија

## Обука за финансиска одржливост

**Куманово, 8 – 10.6.2009 г.**

# Состојба во граѓанските организации

- Најголем дел од граѓанските организации зависат од:
  - мал број извори на финансирање
  - странски донатори
- Буџетите на дел од лидерските граѓански организации опаѓаат за 10% -20 % годишно
- Неисполнување критериуми и немање капацитети за аплицирање за проекти во Европската комисија

# Социоекономски контекст

- Сиромаштија: 29,7 % или скоро третина од населението живеее во сиромаштија и само 4,8% од домаќинствата со месечните приходи успеваат во целост да ги задоволат своите потреби
  - Прагот на сиромаштија е највисок во североисточниот регион и најнизок во Пелагонија
  - Најранлива етничка група е ромската, со 64% од ромските домаќинства под линијата на сиромаштија врз основа на приходот

# Социоекономски контекст

- Нееднаква распределба на приходите: најбогатите 20% од популацијата примаат 42% од вкупниот расположлив приход, додека најсиромашните 20% примаат 5% од вкупниот приход
  - Највисока нееднаквост  е регистрирана меѓу Ромите
  - Најбогатите 20% од ромските домаќинства примаат над 49% од расположливиот приход, додека најсиромашните 20% примаат само 2% од расположливиот приход.

# Социоекономски контекст

- Индекс на депривација - 0,7 во групата 15 земји на ЕУ и 1,0 во групата 25 земји, во Македонија индексот е далеку повисок и има вредност 2,6, што значи дека, во просек, луѓето се лишени од најмалку три од шесте елементи:
  - соодветно затоплување на домот;
  - плаќање за годишен одмор од една недела;
  - замена на дотраен мебел;
  - имање месен оброк секој втор ден по желба;
  - купување нова наместо носена облека;
  - поканување на пријателите или семејството барем еднаш месечно;
- Највисок индекс во вардарскиот и североисточниот регион

# Социоекономски контекст

- Повеќе од една третина од луѓето што живеат во вардарскиот, во **североисточнио**т и југоисточниот регион се соочуваат со финансиски потешкотии за плаќање на основната храна и за дневни оброци
- Повеќето домаќинства кои не ги плаќаат сметките за вода, струја, телефон се од **североисточнио**т регион:
  - една третина од луѓето не ги плаќаат нивните сметки за струја,
  - скоро исто толку не ги плаќаат сметките за вода и
  - повеќе од две петтини не ги плаќаат телефонските сметки на време.

# Социоекономски контекст

- Невработеност – стапката во Македонија е 31 %, највисока стапка на невработеност има:
  - во југоисточниот (43 %) и североисточниот регион (42 %)
  - кај етничките Роми (73 %)
- Скоро една четвртина од домаќинствата немаат ниту еден вработен член, а третина имаат само еден вработен член:
  - Североисточниот регион има најмногу домаќинства без вработени членови, со скоро една третина од домаќинствата во таква позиција

# Социокултурен контекст

- Ниска општа доверба во Република Македонија
  - Висока доверба во семејството (97,8%), забележително пониска општа доверба (23,1 %) и доверба во институциите (43,9 %)
  - Довербата во граѓанскиот сектор е 41,7 %, додека само во граѓанските организации или здруженија на граѓани е 41,2 %.
- Мала верба во солидарноста
  - Мнозинство граѓани (50,7 %) смета дека луѓето се грижат само за себе и не се заинтересирани за другите, за заедницата и за државата
  - Бројот на граѓани кои веруваат во солидарноста на луѓето е 49,3 %.

# Социокултурен контекст

- Ставови за граѓанските организации – тие се за остварување на интересите на граѓаните
  - Мнозинство од граѓаните веруваат дека граѓанските организации се за остварување на интересите на граѓаните и можност нивното мислење и дејствување да допре до јавноста.
  - Малцинство граѓани веруваат дека граѓанските организации се средство со кое вешти поединци доаѓаат до пари и влијание и/или им служат само на интересите на странски држави и на нивните фондации.

# Социокултурен контекст

- Стереотип за поврзаноста меѓу политичките партии и граѓанските организации, кој не е поткрепен со конкретни аргументи:
  - За 81,8 % од граѓаните, граѓанските организации се злоупотребувани од политичките партии и зад нив се кријат политички партии
  - Мало малцинство (25%) тоа може да го илустрираат со пример на граѓанска организација зад која се крие политичка партија.

# Социокултурен контекст

- Мал интерес за активно вклучување во волонтерски активности
  - Помалку од третина од испитаниците (27,4 %) изјавиле дека волонтерски се вклучиле во активности во заедницата и најчесто до 10 часа годишно.
  - Волонтерските активности во најголем број се еднократни/еднодневни ангажмани
  - Не постои континуитет во волонтерските активности и дека граѓаните немаат изградени навики и свест за да направат нешто повеќе (вон семејството и лично за себе) за заедницата и за сограѓаните.

# Социокултурен контекст

- Малку граѓани се активни и доброволно работат во граѓански организации
  - Вклученоста на граѓаните во граѓанските организации е мала т.е. 24 % се членови
  - Од нив повеќе од половината се неактивни.
  - Доброволно работат 10 % од граѓаните, што се поклопува со бројот на активни членови во нив
- Половината од оние кои се активни членови со доброволна работа во граѓански организации тоа го прават за да придонесат кон заедницата и затоа што веруваат во мисиите на организациите за кои доброволно работат.

# Добротворство

- Расте бројот на луѓето што даруваат од 64,6 % минатата, на 70,9 % оваа година.
- Речиси половина од граѓаните што даруваат се водени од идејата дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе.
- Социјалната грижа или хуманитарните цели им се првиот приоритет за дарување на граѓаните
- Општинското и националното ниво повисоко на листата на приоритетни нивоа за дарување

# Добротворство

- Најчесто се даруваат пари, а вообичаената сума е од 100 до 500 денари
- Граѓаните најмногу сакаат да даруваат директно и на рака
- Најголем број граѓани (32,5 %) за добротворните акции се информираат директно од корисниците, а електронските медиуми се на второ место (27,1 %).
- Поделена перцепција за наменската употреба на средствата, вкупно 55,7 % од испитаниците сметаа дека собраните прилози се употребуваат наменски

# Поддршка од државата

- Законска основа:
  - Закон за извршување на буџетот на Република Македонија,
  - Закон за здруженија на граѓани и фондации,
  - Одлука за критериуми и постапка за распределба на финансиските средства за здруженијата на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија,
  - Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации и
  - Други акти.

# Поддршка од државата

- Во 2007 година се доделени приближно 3.800.000 евра или 0,21 % од вкупниот буџет и тоа најмногу преку Министерството за финансии и Агенцијата за млади и спорт.
  - Не постојат јасни дефиниција за невладини организации
  - Дел од средствата се распределуваат без јавен конкурс
  - Најчесто не се бара известување за доделените средста
  - Нема доволно информации за постапката (начин, критериуми, висина на средства и сл.)
  - Средствата од игрите на среќа се наменети за мал број организации

# Даночни поттикнувања

- Во 2007 година е донесен Законот за донации и спонзорства во јавнит дејности
  - Персонален данок на доход
  - Данок на добивка
  - Данок на додадена вредност
  - Данок на наследство и подарок
  - Даноци на имот

# Поддршка од претпријатијата

- Мало учество во вкупната поддршка на граѓанските организации
- Соработка постои на ниво на делување – локални претпријатија со локални организации / национални компании поддржуваат организации и настани кои се од национален карактер
- Мала меѓусебна доверба и информираност за активностите/можностите
- Најмногу донации за спорт, култура и активности со кои се зголемува сопствената видливост

# Користена литература


Државен завод за статистика (2007) **Статистички годишник на Република Македонија**

МЦМС (2006) **Цивикус – Индекс на граѓанското општество**

МЦМС (2008) **Довербата во граѓанското општество**

МЦМС (2009) **Општествената одговорност на граѓаните**

УНДП (2009) **Граѓански засновани анализи**

УСАИД (2007) **Индекс на одржливост на граѓанските организации**